Машински факултет
Број 02-1298/1
15.10.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во врска со реализација на предметот пракса, а во согласност со Одлуката за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебнта 2020/2021 година и актуелните мерки, препораки и протоколи на надлежните органи за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 2-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 15 октомври 2020 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за начинот на реализација на предметот пракса во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година

1. Со оваа одлука се уредува начинот на реализација на предметот пракса во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година на прв циклус студии на Машински факултет во Скопје, во согласност со Одлуката за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебнта 2020/2021 година број 02-962/1 од 27.08.2020 година и пропишаните мерки, препораки и протоколи на надлежните органи за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19.

2. Предметот пракса во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година ќе се реализира on-line преку активности соодветни на предметната програма кои ќе ги дефинира предметниот наставник.

3. По исклучок предметот пракса во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година може да се реализира со физичко присуство кај соодветни правни субјекти, на сопствена одговорност на студентите и под следниве услови:

- да обезбедат писмена согласност од компанијата во која ќе ја вршат праксата дека на студентот му се дозволува во време на пандемија да биде практикант и дека компанијата се обврзува да ги обезбеди и почитува сите мерки, препораки и протоколи пропишани од надлежните органи за лична заштита, како и за работа на компанијата во услови на пандемија,
- да поднесат писмена изјава дека по сопствена иницијатива и на своја одговорност бараат да одат на пракса во одредена компанија и за одреден период и дека се обврзуваат да ги почитуваат сите мерки и препораки за лична заштита, како и протоколите за работота во услови на пандемија на компанијата.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: студентите, наставниците, студентска служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев